3249.

Врз основа на член 190 став 1 и член 89 став 6 и 7 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010,135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015 и 23/2016), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на 8.7.2016 година донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ДИРЕКТОР НА БЕРЗА

Член 1

Во Правилникот за начинот и постапката за давање на согласност за именување на директор на берза („Службен весник на РМ" бр.110/2006 и 81/2014) член 1 се менува и гласи:

„Со Правилникот за начинот и постапката за давање на согласност за именување на директор на берза се утврдува начинот и постапката за давање на согласност за именување на директор на берза и формата и содржината на барањето за давање на согласност за именување на директор на берза (во понатамошниот текст:Правилник)."

Член 2

Во Прилог 1: Образец Б-СДБ- Барање за давање согласност за именување на директор на берза, точката 3 се менува и гласи:

3. Список на документација која се поднесува кон барањето:

- Кратка биографија на кандидатот за директор на берзата со: податоци за датумот и местото на раѓање, адреса на живеење, број на лична карта, единствен матичен број (за странско лице број на пасош) и работно искуство;
- Одлука на надлежниот орган на берзата за именување на кандидатот за директор на берзата;
- Уверение за завршено високо образование од областа на економијата, финансиите или деловното право;
- Примерок од дозволата за работа за брокер на кандидатот, издадена од Комисијата за хартии од вредност;
- Предлог програма на кандидатот за деловна и развојна политика на берзата за следните две години;
- Потврда (уверение) од надлежниот суд дека против кандидатот за директор на берзата не е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- Изјава на кандидатот за директор на берзата, дадена под целосна морална, кривична и материјална одговорност и заверена кај нотар, дека истиот не бил директор, претседател или член на орган на управување на правно лице против кое била поведена предстечајна, стечајна или ликвидациона постапка;
- Изјава на кандидатот за директор на берзата, дадена под целосна морална, кривична и материјална одговорност и заверена кај нотар, дека истиот не е директор, претседател или член на орган на управување на друго правно лице;
- Потврда за престој и дозвола за работа во Република Македонија, доколку кандидатот за директор на берзата не е државјанин на Република Македонија;
- Доказ за поседување на работно искуство од најмалку три години во областа на економијата, финансиите или деловното право (договор со работодавецот, акт на работодавецот за работен ангажман на кандидатот за директор, работна книшка, и слично);
- Доказ дека кандидатот за директор е во работен однос во берзата;
- Доказ за платен надоместок на Комисијата.

Од документите од став 1 на овој член, Комисијата по службена должност ги прибавува:

- Потврда (уверение) од надлежниот суд дека против кандидатот за директор на депозитар не е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- Потврда за престој и дозвола за работа во Република Македонија, доколку кандидатот за директор на депозитар не е државјанин на Република Македонија;

заради што кандидатот за директор дава изјава со која ја овластува Комисијата во негово име и за негова сметка да ги користи податоците содржани во овој образец во постапката за прибавување на потребните докази од други институции по службена должност.

Од документите од став 1 на овој член, примерокот од дозволата за работа на брокер на кандидатот за директор на берза се обезбедува од евиденцијата на Комисијата.

Член 3

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за начинот и постапката на давање согласност за именување на директор на берза.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила 8 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 31.7.2016 година.

Бр. 03-612/3
8 јули 2016 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска**, с.р.